Друштво за проектирање, градежништво, производство и трговија
ВЕНЦИ ПРОЕКТ ДООЕЛ
Бр.0301/14 / 15.08 2018 год.
КОЧАНИ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
Бр.05-1140/7
22.8 2018 год
КОЧАНИ

# *Договор*

**1. Општина Кочани,** со седиште во Кочани, ул.“Раде Кратовче“ бр.1, застапувана од Градоначалникот на општина Кочани, Г-дин Николчо Илијев во својство на одговорно лице на Договорниот орган ( во понатамошниот текст : ***Нарачател***) **и**

**2. Друштво за проектирање, градежништво, производство и трговија ВЕНЦИ ПРОЕКТ ДООЕЛ Кочани**, со седиште на ул. „ Плачковица “ бр.9, застапувано од Управителот Милка Едровска, со ДБ:4013006123413 и ЕМБС: 6135528, жиро с-ка 300050000081562, Комерцијална Банка АД Скопје, (во понатамошниот текст : ***Изработувач***).

***Предмет на договорот***

**Член 1**

Предмет на Договорот за јавна набавка на услуга е:

***Ревизија на проектна документација за улици и патишта во општина Кочани***

Предметот на набавката од ст.1 на овој член е детално опишан во техничката спецификација, составен дел на Тендерската документација бр.05-1140/3/2018, изработена од Нарачателот за спроведување на постапка со барање за прибирање на понуди, со објавување на Оглас бр.05-1140/4 од 10.07.2018 год. , објавен на ЕСЈН , а врз основа на Одлука за јавна набавка бр. 05-1140/2 од 25.06.2018 год..

***Вредност на договорот***

**Член 2**

Вкупната вредност на Договорот за јавна набавка, согласно резултатите од е-аукцијата изнесува 176.850,00 денари без пресметан данок на додадена вредност.

Данокот на додадена вредност на износот од ст.1 на овој член изнесува 31.833,00 денари или

- вкупната вредност на Договорот за јавната набавка со вклучен ДДВ од 18 % изнесува: **208.683,00 денари.**

Во согласност со Извештајот за текот на е-Аукцијата генериран на ЕСЈН и Известување за избор на најповолна понуда понуда преку ЕСЈН од 06.08.2018 год. единечните цени за изразување на поделните фази и позиции /за секоја ставка посебно/ се намалени за 43,462 % во однос првично понудената цена и истите се составен дел на овој Договор.

Корекција на цените на услугите за предметот на договорот за јавна набавка не се дозволени и истите ќе останат фиксни за целото времетраење на договорот, освен ако корекцијата оди во надолна линија.

***Начин и рок на плаќање***

**Член 3**

Средствата за реализација на конкретниот договор за јавната набавка се обезбедени во Буџетот на Општина Кочани за 2018 и 2019 година, Програма ЈД, Потпрограма ЈДА, ставка 482.

Плаќањето ќе се врши, со доставување на фактура од Изработувачот, во рок од 60 /шеесет/ дена, сметано од денот на приемот на фактурата во архивата на Нарачателот. Составен дел на фактурата ќе биде испратница во која ќе биде опишана конкретната услуга по вид и опис на услуга

согласно позициите во техничката спецификација (понудата), за дефиниран патен правец, рок на извршување и број на доставени изработени примероци.

Испратницата во смисла на овој член е должен да ја издаде Изработувачот во 3 /три/ примерока и истата треба да е потпишана од овластено/задолжено лице кај Нарачателот и овластено/задолжено лице кај Изработувачот. По еден примерок од испратницата се предава на овластеното/задолженото лице кај Нарачателот, еден примерок задржува Изработувачот за сопствени потреби и еден примерок заедно со фактурата се доставува до Општина Кочани-Сектор за финансиски прашања.

Доколку фактурата не ја содржи предвидената придружна документација, истата нема да се реализира и ќе биде вратена на Изработувачот.

***Права и обврски на договорните страни***

**Член 4**

Изработувачот ќе ги извршува услугите само по писмено барање од Нарачателот, во зависност од конкретна потреба, кое барање ќе содржи вид и опис на услуга согласно позициите во техничката спецификација (понудата), вредност и рок на изработка на ревизијата на проектната документација за конкретен предмет и потребен број за доставување на изработени примероци.

Ревизијата на изработената проектна документација треба да биде според барањата на Нарачателот и постојните технички прописи и стандарди за вршење на ваков вид на услуги, а согласно единечните цени утврдени во листата на цени составен дел на овој договор.

Секоја извршена услуга од страна на Изработувачот, која нема да биде во согласност со барањето на Нарачателот или ќе биде извршена без барање издадено од истиот, ќе се смета за неважечка, а трошоците нема да се признаат и истите ќе паднат на товар на Изработувачот.

**Член 5**

**Нарачателот е должен:**

- да ги обезбеди сите податоци, објаснувања и информации со кои располага потребни за вршење на ревизија на конкретна изработена проектната документација, предмет од барањето;
-да му помогне на Изработувачот во контактирањето со сите учесници, заради обезбедување на сите документи при вршење на ревизија на конкретна изработена проектната документација, предмет од барањето;
- плаќањето да го врши на договорените начин и рок за плаќање со Изработувачот , согласно чл.3 од овој Договор.

**Член 6**

**Изработувачот е должен :**

- ревизијата на проектната документација да ја изврши согласно барањето од чл.4 на овој Договор, кое барање ќе содржи вид и опис на услуга согласно позициите во техничката спецификација (понудата), во зависност од конкретна потреба, вредност и рок на изработка на ревизијата за проектната документација за конкретен предмет и потребен број за доставување на изработени примероци.
- евентуално оправданите забелешки од Нарачателот да ги отстрани без надоместок;
- да изврши ревизија на проектната документација – предмет на барањето и да ги достави изработените примероци (3 примерока во хартија и четири примерока на CD и да бидат потпишани електронски согласно Закон за градење).

***Договорна казна***

**Член 7**

Во случај на доцнење на вршење на услугите од страна на Изработувачот, Нарачателот има право на надомест на штета и договорна казна – пенали .

Договорната казна се определува во висина од 5% од вредноста на неизвршената услуга за секој започнат ден, за првите две недели.
Во случај на доцнење на вршење на услугата повеќе од две недели, Нарачателот има право по претходно доставено писмено известување до Изработувачот да го раскине Договорот и да бара надомест на штета и договорна казна – пенали .

Во случај на неисполнување на обврската, Нарачателот може да бара или исполнување на обврската или договорна казна.

Нарачателот го губи правото да бара исполнување на обврската ако побарал исплата на договорната казна.

Наплатата на договорната казна не го ослободува Изработувачот од одговорност за евентуално претрпена штета на Нарачателот.

***Времетраење на важност на договорот***

**Член 8**

Времетраење на важноста на овој Договор претставува времето кога ќе бидат исполнети обврските кои што со овој Договор ги имаат превземено договорните страни, но не повеќе од 12 / дванаесет /месеци, сметано од денот на склучувањето на истиот.

*[* вообичаено времетраење на договорот е времетраењето до конечно завршување на договорените услуги или исцрпување на средствата утврдени за реализација на конкретниот договор *]*.

***Завршни одредби***

**Член 9**

Договорните страни се обврзани, за реализација на овој Договор, да соработуваат меѓу себе, да се грижат за унапредување на односите и за таа цел редовно и благовремено да се информираат за се што е потребно за реализација на Договорот.

**Член 10**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма , ако се потпишани од двете договорни страни и ако се во согласност со Законот за јавните набавки и другите важечки прописи во РМ.

**Член 11**

Договорните страни се согласни за сè што не е предвидено со овој договор да се применуваат одредбите од позитивните законски прописи и стандарди во Република Македонија, за вршење на ваков вид на набавка.

**Член 12**

Договорните страни се должни да ги применуваат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за времетраење на важноста овој Договор.

**Член 13**

Во случај на спор по овој Договор, ќе решава стварно и месно надлежен суд .

**Член 14**

Овој Договор е составен во 6 (шест) еднакви примероци, од кои 4 (четири) примероци за Нарачателот и 2 (два) примерока за Изработувачот и стапува на сила со денот на неговото склучување.

| за Изработувачот, | за Нарачувачот, |
|---|---|
| ВЕНЦИ ПРОЕКТ ДООЕЛ Кочани | Општина Кочани |
| Управител, | Градоначалник, |
| ( Милка Едровска ) | ( Николчо Илијев ) |

Составен дел на овој Договор е :

- Листа на цени со намалени единечни цени за 43,462 % согласно Извештај од е-аукција

*Изработил: Соработник за поддршка и прибирање на документација за водење на постапки за јавни набавки-Татјана Крстова*
*Согласен : Помошник Раководител на Сектор за располагање и уредување на градежно земјиште – Влатко Димитров*

**Ревизија на проектна документација за улици и патишта во општина Кочани**

| opis | број | Един. цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ |
|---|---|---|---|
| 1.*Ревизија проекти за патишта во општина Кочани* | | | |
| ➢ до 1 kм | 2 | 5.653,80 | 11.307,50 |
| ➢ до 3,2 kм | 1 | 11.307,60 | 11.307,60 |
| 2.*Ревизија на проекти за улици во општина Кочани* | | | |
| ➢ до 200 м | 20 | 2.261,50 | 45.230,00 |
| ➢ од 200 м до 300м | 11 | 2.374,60 | 26.120,56 |
| ➢ од 300 м до 400м | 6 | 2.713,80 | 16.282,80 |
| ➢ од 400 м до 500м | 4 | 3.109,59 | 12.438,36 |
| ➢ од 500 м до 600м | 6 | 3.561,89 | 21.371,36 |
| ➢ од 600 м до 800м | 5 | 4.523,00 | 22.615,00 |
| 3. *Ревизија на проекти за потпорни ѕидови* | | | |
| ➢ до 20 м | 4 | 2.544,21 | 10.176,84 |
| | | **Вкупно** | 176.850,00 |
| | | **ДДВ 18%** | 31.833,00 |
| | | **Вкупна цена со ДДВ** | 208.683,00 |

*за Изработувачот,*
*ВЕНЦИ ПРОЕКТ ДООЕЛ Кочани*
*Управител,*

*( Милка Едровска )*

*за Нарачателот,*
*Општина Кочани*
*Градоначалник,*

*( Николчо Илијев )*

*Изработил: Соработник за поддршка и прибирање на документација за водење на постапки за јавни набавки-Татјана Крстова*
*Согласен : Помошник Раководител на Сектор за располагање и уредување на градежно земјиште – Влатко Димитров*